Македонско здружение на млади правници (МЗМП), за потребите на проектот "Зајакнато граѓанско учество во заштита на животната средина" на 26.02.2026 година објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за избор на правен експерт(к)а за изработка на Прирачник (Toolkit) за граѓанско учество во областа на животна средина**

## 1. Опис и цели на проектот

Македонското здружение на млади правници (МЗМП), во партнерство со Центарот за правни истражувања и анализи, Здружение за одржлив развој Милеуконтакт Македонија и Здружение на граѓани ФЛОРОЗОН – Центар за еколошка демократија го спроведуваат проектот *„Зајакнато граѓанско учество во заштита на животната средина"* поддржан од Expertise France.

Основна цел на проектот е да придонесе кон ефективно граѓанско учество за поголема заштита на животната средина во Северна Македонија. Специфични цели на Проектот се : 1) Зајакнување на капацитетите на локалните заедници за учество во донесувањето одлуки за животната средина и користење на правни механизми; 2) Зголемена одговорност на државните институции и судството за заштита на животната средина.

## 2. Опис на активноста предмет на овој повик

Ангажманот предвиден на овој јавен повик се однесува за подготовка на Прирачник (Toolkit) за граѓанско учество во животната средина кој ќе обезбеди практични, јасни и применливи насоки за граѓаните, граѓанските организации и неформалните групи за ефективно учество во процесите на донесување одлуки и користење на правни механизми за заштита на животната средина.

Прирачникот ќе содржи конкретни чекор по чекор упатства за:

- пристап до информации;
- учество во јавни консултации;
- користење на правни механизми и пристап до правда во областа на животната средина.

Прирачникот ќе биде дизајниран како долгорочен и одржлив ресурс, кој ќе ги зајакне граѓаните, граѓанските организации и неформалните групи во Северна Македонија со практични алатки за остварување на нивните права и ефективно учество во процесите на донесување одлуки поврзани со животната средина.

За подготовка на прирачникот ќе бидат ангажирани 2 експерт(к)и, правен експерт/ка и експерт/ка за јавно учество кои меѓусебно ќе соработуваат.

**Овој јавен повик се однесува за избор на правен експерт/ка.**

## 3. Работни задачи и очекувани продукти (Deliverables)

Заради исполнување на ангажманот предмет на овој јавен повик, експертот/ката ќе треба да ги спроведе следниве работни задачи:

- Придонес во дефинирање и усогласување на структурата и концептот на прирачникот;
- Изработка на правна анализа и подготовка на содржина на прирачникот, поврзана со пристап до информации, активно учество на јавноста и пристап до правда во областа на животната средина, на централно и локално ниво;
- Подготовка на јасни, практични и применливи „чекор по чекор" насоки за користење на правните механизми за секоја фаза од процесот на граѓанско учество, вклучително и: пристап до информации, учество на јавноста и пристап до правда;
- Изработка и/или придонес кон развој на различни практични шаблони (templates) за поднесоци до надлежни институции (мислења, забелешки, иницијативи, барања и сл.);
- Придонес кон изработка на кратка и поедноставена верзија на прирачникот, наменета за поширока јавност, во обем до 5 страници;
- Учество на состаноци со проектниот тим и активна соработка со другиот ангажиран експерт во рамки на проектот;

**Очекувани продукти :**

- Прирачник за граѓанско учество (максимум 40 страници), изработен во соработка со другиот/ата ангажиран/а експерт/ка;
- Кратко резиме на прирачникот (максимум 5 страници).

Прирачникот и краткото резиме се доставуваат на македонски јазик.

## 4. Потребни квалификации

Кандидатот/ката треба да ги исполнува следните квалификации:

- Завршено високо образование во областа на правните науки;
- Завршени магистерски/докторки студии во областа на животна средина ќе се сметаат за предност;
- најмалку 5 години релевантно професионално искуство (искуство во еколошко право ќе се смета за предност);


address: Donbas No.14/6 Skopje phone: +389 72 223 963 e-mail: contact@myla.org.mk

- искуство во изработка и подготовка на правни анализи, прирачници, извештаи, полиси документи;
- познавање на националната правна рамка и меѓународните стандарди поврзани со животната средина и јавна партиципација;
- способност за аналитичко и структурирано пишување.

Како доказ за искуство, кандидатите треба да достават примерок или линк до претходно изработени материјали.

## 5. Временска рамка, договор и плаќање

Работниот ангажман ќе биде спроведен во вкупно 15 експертски денови во периодот од 9 март до 6 април 2026. За секој работен ден предвиден е надоместок во висина од 150 евра во денарска противвредност.

Правата и обврските кои произлегуваат од ангажманот ќе бидат уредени со договор за дело. Експертот/ката ќе има обврска да достави извештај (time-sheets) за изработените работни задачи на англиски јазик.

## 6. Постапка и правила за пријавување, рок и избор

Овој повик е јавен.

Заинтересираните кандидат(к)и кои ги исполнуваат условите наведени во точка 4 од овој повик, потребно е да достават :

- Кратка биографија (CV)
- Примерок или линк од претходни изработени релевантни документи

Документите треба да се достават во електронска верзија на е-пошта: contact@myla.org.mk со назнака “Апликација за правен експерт(к)а за изработка на прирачник за граѓанско учество во областа на животната средина.

**Рокот за аплицирање е 05.03.2026 година до 10:00 часот.**

Пристигнатите апликации ќе бидат оценувани од страна на стручна комисија основана од Управниот одбор на МЗМП согласно следната табела:

| **Критериуми** | **Опис на бодување** | **Максимум бодови** |
|---|---|---|
| Завршено високо образование од областа на правните науки | Завршени додипломски студии по право | 10 |
| Магистерски/докторски студии во областа на животната средина *(предност)* | Магистерски студии – 3 поени<br>Докторски студии – 5 поени | 5 |
| Релевантно професионално искуство (минимум 5 години) | 5 години – 15 поени<br>6–7 години – 20 поени<br>8 или повеќе години – 25 поени | 25 |
| Искуство во областа на еколошко право *(предност)* | Делумно искуство – 5 поени<br>Значајно искуство – 10 поени | 10 |
| Искуство во изработка на правни анализи, прирачници, извештаи и полиси документи | Проценка врз основа на доставени примероци/линкови | 20 |
| Познавање на националната правна рамка и меѓународните стандарди поврзани со животната средина и јавната партиципација | Основно – 5 поени<br>Добро – 10 поени<br>Одлично/докажано преку претходна работа – 15 поени | 15 |
| Напредни аналитички способности | Проценка врз основа на квалитетот, структурата и аналитичкиот пристап во доставените примероци/линкови | 15 |
| **Вкупно бодови** | | **100** |

Кандидатите ќе бидат информирани за исходот од постапката.

Контакт лице: Андријана Марковска, проектен правник, тел: 075 225 320, е-пошта: amarkovska@myla.org.mk .